


Клучното прашање на кое Ковачевски треба да одговори и без кое нема продолжување на разговорите е кој од двата предлози на ВМРО-ДПМНЕ е прифатлив за СДСМ

Откако Ковачевски кажа дека на лидерската средба нема договор, сега направи партиски состанок за кој разговара за предлозите на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа што Македонија има пишман премиер и тоа што главната комуникација оди преку јавни препукувања говори за тоа во каква атмосфера се носат важни одлуки.

Да биде јасно:

Уставни измени какви што понуди СДСМ под бугарски диктат не се прифатливи за ВМРО-ДПМНЕ.

За СДСМ не е прифатливо членство во ЕУ и заштита на националниот идентитет.

Она што беше понудено од претседателот Мицкоски е промена на околностите, заштита на националните интереси и европска интеграција.

И во таа насока беа понудени два предлози.

Првиот преодна влада без ДУИ, измени кои ќе стапат во сила со завршување на

преговорите и членството на државата во ЕУ,

Вториот избори, гаранции за националниот идентитет и јазик, економски пакет и заштита на Македонците во Бугарија преку спроведување на пресудите на судот за човекови права во Стразбур и измени од влада без ДУИ поддржана од опозицијата.

Клучното прашање на кое Ковачевски треба да одговори и без кое нема продолжување на разговорите е кој од двата предлози на ВМРО-ДПМНЕ е прифатлив за СДСМ?

Потребен е јасен и недвосмислен одговор пред било каков друг чекор.